Олга МУРЏЕВА-ШКАРИЌ

**УДК: 159.922**

# РАЗВОЈНО ПОИМАЊЕ НА КОПНЕЖИТЕ ВО ТЕКОТ НА ЖИВОТОТ

***Кратка содржина***

*Во трудот најнапред е направено поврзување на копнеењето со развојот. Копнежот е разгледан како психолошки феномен кој има интегративна функција во осмислување и поврзување на континуитетот во сите развојни периоди на поединецот. Преку испитување на копнежите на студенти на Институтите за психологија и за педагогија на Филозофскиот факултет во Скопје (март 2008) се покажа дека релевантни домени на нивните копнежи се социјалните обноски, личниот контекст и развивање зрела слика за себе. Копнежите на студентите се поврзани со развојните задачи на возрасниот период и имаат продуктивно-визионерска насока која може да се идентификува како визионерски профил на копнеење.*

***Клучни зборови**: КОПНЕЖ, РАЗВОЈ НИЗ СИТЕ ЖИВОТНИ ПЕРИОДИ, РАЗВОЈНИ ЗАДАЧИ, ВИЗИОНЕРСКИ ПРОФИЛ НА КОПНЕЕЊЕ.*

Битен белег на луѓето е копнеењето, жедувањето или чезнеењето за поинаква животна стварност, која е далечна или недостижна во дадениот миг или за секогаш, бидејќи таа е загубена, неостварлива е или му припаѓа на некое друго историско време. Копнежот беше водечки поим застапен во периодот на романтизмот. Копнежот, како развојно-психолошка појава, стана предмет на истражување дури при крајот на 20 и во почетокот на 21 век (Baltes, P. B. et al., 2002; Scheibe et al., 2007). Ова затоа што во современата развојна психологија има потреба од развојни конструкти кои се холистички. Тие треба да овозможат интегративни и насочувачки процени за сите развојни периоди, вклучувајќи го минатото, сегашноста и иднината на развојот. Постои потрага по психолошки феномени, какви што се мудроста и копнежот, кои раководат со севкупната интегративна смисла за водење оптимален живот. Но, заради сложеноста и заради методолошки проблеми, вакви и слични суштински психолошки по-

јави, кои му даваат смисла на постоењето, не се истражувани во т.н. научна психологија, чија примарна задача е да ги определи условите кои водат до различни ментални производи, лични манифестации и општествени појави.

Има повеќе причини зошто кај луѓето постои копнеење. Животот е недовршен процес кога го разгледуваме од еволуциона перспектива на човештовото, бидејќи развојот на луѓето е отворена биолошка и културна ко-еволуција. Секој човек како поединец, исто така, не постигнува целосен развој бидејќи развојот е отворен процес на приспособување на срединските и на организмичките процеси во текот на целиот живот. Бидејќи секој човек има ограничена енергија и време, тој е принуден да бира меѓу различни цели, животни домени и развојни патишта. Оттука, значајни животни планови опстојуваат како копнеж, како ментална претстава за посакувана поинаква реалност на животот, на која може, по сопствена желба, да се навраќаме. Копнеењето се јавува заради постоење губитоци поврзани со возраста или такви кои се ненормативни. На пример, силен е копнежот кај жената да роди дете кога се приближува периодот на губење на родноста. Ненормативните губитоци кои се неочекувани и исклучителни предизвици за опстанок, исто така, се моќни извори за копнеење. Поради тоа што човекот живее во сегашниот миг, му останува единствено можноста да копнее по минатото и за иднината.

Токму поради отвореноста и недовршеноста на развојниот процес кај човекот (како поединец) и кај луѓето (како човештво) се јавува копнеењето како психолошка појава кај поединецот, но и како заеднички копнеж за нешто кај група луѓе.

Копнежот е сложена психолошка појава која има состојки од сознајна, емоционална и конативна природа. Кај детето процесите кои се вклучени во копнеењето не се целосно развиени. На пример, такви се амбиваленцијата која се јавува во раната адолесценција, како и апстрактното мислење и автобиографското сеќавање, кои се јавуваат дури во доцната адолесценција. Ран облик на копнеење има кај децата на возраст од околу шест години. Тие копнеат за блиски лица (од семејството или другари), за домашни миленичиња и за игровни и други задоволства. Со возраста копнеењето зачестува и содржи амбивалентни емоции насочени кон минатото или кон иднината. Копнежите најчесто ги вклучуваат основните човекови мотиви и развојните задачи на дадениот животен период. Се очекува дека секој развоен период има специфични развојни задачи кои се отсликуваат во содржините на копнежите.

## Проблем на истражувањето

Какви се копнежите кои ги имаат студентите? Како и кај која било психолошка појава, така и кај копнежите, претпоставуваме дека влијаат три вида системи на контекст во кој живее поединецот. Првиот систем е возрасниот период, вториот се општествените (историските) случувања, а третиот систем е поврзан со ненормативни влијанија на посебни случувања само кај некои поединци (на пример, сообраќајна несреќа). Испитувањето на дел од студентската популација ќе покаже како условите на живеење и нивниот развоен период на млади возрасни (18 до 30 години) во кој се наоѓаат е поврзан со нивните копнежи.

Друга претпоставка е дека копнежите кои студентите ќе ги изнесуваат за периодот кога тие ќе бидат во средната зрелост (30 до 55) и во златната доба (над 60 години) ќе се совпаѓаат со очекуваните развојни задачи за тие возрасни периоди.

Се очекува и дека студентите ќе имаат копнежи со подолг сегашен и иден период, отколку минат. Кај нив копнежот дава насока и верба дека ќе ги постигнат идеалите.

## Метод

Примерокот во ова испитување го сочинуваа вкупно 106 испитаници од кои 37 студентки и 6 студенти на прва година при институтот за педагогија и 57 студентки и 6 студенти од втора година при институтот за психологија од Филозофскиот факултет во Скопје. Студентите беа на просечна возраст од околу 19 години. Испитувањето е вршено при крајот на месец март 2008 година.

Прибирањето на податоците беше по пат на самоизвестувачка постапка која ја развија група автори, а која авторката ја преведе и ја приспособи (Scheibe, 2005; Scheibe et al., 2007). Најнапред испитаниците – наведувајќи шифра, пол и возраст – создадоа листа копнежи преку ментално водење низ пет различни возрасни периоди и тоа: детство (до 12-годишна возраст), адолесценција (од 12 до 18-годишна возраст), рана зрелост (од 18 до 40-годишна возраст), средна зрелост (од 40 до 60/65-годишна возраст) и златна зрелост (од 65 години до крајот на животот).

Потоа испитаниците ги бираа трите најзначајни копнежи од сите возрасни периоди, редејќи ги според приоритет.

На прашалник за копнежите конструиран од Scheibe (2005), а преведен и приспособен од авторката на овој текст, испитаниците

требаше да го оценуваат само првоизбраниот и за нив најзначаен копнеж. Со прашалникот се собрани информации преку самоизвестување за менталните доживувања при копнеењето. Прашалникот ги содржи следниве скали: 1) шест скали за мерење на структурните делови на копнежот и тоа чувство на недовршеност или нецелосност на животот, симболичка природа на претставувањето на копнежот, неостварливост на личните животни утопии, амбивалентни емоции, тривременски фокус на личното минато, сегашност и иднина, и процеси на размислување и на оценување на оптималната животна насока и сопственото застапување на идеалите; 2) скала за мерење како на нагласеноста, изразеноста на копнежот преку биполарни ајтеми за зачестеност, интензитет и за траење на епизодите на копнеење, така и за централното место на копнежот во личниот поим за себе; 3) две скали за процена на верувања за контрола на копнежот и тоа, едната за контрола на доживувањето на копнежот, а другата за контрола на реализирање на копнежот; 4) две скали за процена на функциите на копнежот и тоа: едната скала на функцијата за насочување или дирекција (со која се мери дали испитаникот смета дека неговиот копнеж е визија која го води неговиот живот), а втората скала се однесува на справување со неостварливоста (т.е. дали смета дека копнежот е делумна компеназација за губитоците и за неоставрливите животни цели). Повисокиот скор означува перцепција на повисок степен на функција на копнежот; 5) додатни супскали и ајтеми и тоа едната за достижноста на копнежот, а другата е листа на емоциите кои се јавуваат за време на копнеењето направена преку избор на осум придавки за позитивни емоции и други осум за негативни емоции.

По анонимното испитување, на студентите им беше речено дека се молат, на еден посебен лист (без наведување никакви податоци, а кој ќе го стават во купот во една кеса за да биде неможно нивно идентификување), да напишат најинтимни, најприватни копнежи, толку колку што тие сакаат да напишат. Најнапред, тие требаше да напишат дали имаат такви копнежи, а ако имаат, да одберат дали ќе ги напишат. Можеа, исто така, да одговорат дека немаат, или дека веќе ги напишале во претходниот дел од испитувањето.

## Резултати

**Животен домен и зачестеност на три најзначајни копнежи**. Откако заврши менталното водење за правење листа копнежи за петте различни возрасни периоди, студентите требаше да ги издвојат од

целосната листа трите најзначајни копнежи за нив и да ги подредат така што со еден ќе го означат најзначајниот копнеж, со два помалку и со три најмалку значајниот од трите најзначајни копнежи од сите возрасни периоди.

Трите приоритетни копнежи собрани заедно за сите 94 студентки (од кои 57 од институтот за психологија и 37 од институтот за педагогија) подредени по зачестеност на јавување изгледа вака: најнапред е копнежот за здраво, среќно, бројно семејство со деца и внуци, со златни свадби, златна зрелост доживеана во хармонија со брачниот партнер (кај 77 од вкупно 94 студентки или 81,91%); потоа следи копнеж кон убав живот со задоволства (кај 70 студентки или 74,47%); потоа следи копнежот да се дипломира и за професионална кариера кој се сретнува кај 68 (72,34%) студентки и копнежот за љубов кај 24 (25,53%) студентки. Само кај студентките од институтот за психологија се јави копнеж за повисок квалитет во личниот развој и тоа кај 22 (23,40%), потоа кај три од нив копнеж за проштевање, извинување и поправање на минати грешки, кај три од нив е наведен копнеж за мир, обединување на балканските народи и отпор кон манипулациите на САД и на НАТО, а само кај две студентки силен е копнежот да не е умрен родителот и братот.




Слика 1: Животен домен и зачестеност на три најзначајни копнежи (%)

**Животен домен и зачестеност на најинтимните копнежи**. Од вкупно приложени 106 листови од сите испитаници (од двата института, и од машките и од женските студенти) најчесто (кај 45 испи-

таници или 42,45%) интимниот копнеж е поврзан со љубовта и со сексот, т.е. да се биде сакан, да се доживее вистинска и страсна љубов, да се ужива во сексуалните односи. Потоа следен по зачестеност е копнежот поврзан со семејството (кај 19 испитаници или 17,92%). На трето место по зачестеност (кај 15 испитаници или 14,15%) е копнежот за одмазда на оние кои не одговориле на љубовта со љубов, кои ја расипале љубовната врска, кои длабоко ги навредиле или им земале нешто значајно. Потоа следи копнежот за добро здравје, висок квалитет во личниот развој и да се биде бесмртен (кај 8 испитаници или 7,55%), а следниот копнеж е да се поседува повеќе материјални добра, пари (кај 6 испитаници или 5,66%). Дека немаат други копнежи од оние кои ги навеле на првичната листа од копнежи за сите возрасни периоди се изјасниле 19 испитаници (17,92%), а 12 (11,32%) напишале дека интимните копнежи, бидејќи се многу лични, остануваат интимни, т.е. не ги напишале. Споредено со првичната долга листа на копнежи од различни возрасни периоди, се покажа дека на листата најинтимни анонимни копнежи се допишани сексот и одмаздата. Тие сведочат дека кај испитаниците постоеше доверба и чувство на анонимност на податоците кои придонесоа да се намали цензурата и да не се прави селекција на копнежите според социјалната пожелност и прифатливост.




Слика 2: Животен домен и зачестеност на најинтимни копнежи (%)

**Структурни карактеристики, нагласеност, содржини, контрола и функција на копнежите.** Сузан Шајбе копнежот го дефинира како

повторно ментално претставување на посакувани поинакви реалности на животот кои се далечни и недостижни (Scheibe, 2005). Тој, според Шајбе, е неразделива мултидимензионална развојна појава и е опишана со помош на пет аспекти: структурни карактеристики, нагласеност, содржина, контрола и функција. Подолу ќе ги прикажиме овие пет аспекти врз основа на одговорите на прашалникот за првиот, најзначајниот копнеж само кај испитаните 57 студентки на втора година студии при институтот за психологија на Филозофскиот факултет во Скопје.

Најнапред ќе ги наведиме содржините на копнежите за различни возрасни периоди изнесени од 57 студентки на институтот за психологија. Во детството (до 12-годишна возраст) тие копнееле најчесто за игровни и други задоволства како што се дружење, летување, зимување, патувања (кај 39 од 57 испитани или 68,42%), потоа за љубов и нежност од родителите (15 или 26,32%), постигнување најдобар успех и вештини (10 или 17,54%), да им се врати драгиот умрен (5 или 8,77%, а од нив најмногу тоа е дедото), да имаат животно-миленичe (5 или 8,77%), да бидат учителки (2 испитанички) и да не се разведоа родителите (една испитаничка). Овие копнежи се слични на оние од испитувања правени на деца. И копнежите кои ги наведуваат 57 студентки за нивната адолесцентна доба (12 до 18 годишна возраст) може да се рече дека се, главно, возрасно очекувани, а тоа се: да се има дечко, љубов, бакнеж (кај 30 или 52,63%); другарување, забава, училишни екскурзии (кај 22 или 38,60%); подобар училишен успех и подобри вештини (кај 13 или 22,81%); стекнување самостојност, самоактуализација, самодоверба (9 или 15,79%); семејна среќа (8 или 14,04%); упис на факултет – психологија (5 или 8,77%). Две испитанички копнеат за живот во мир и да си заминат големите сили од Р. Македонија и една нејзината мајка да не станала член на секта.

Копнежите на 57 студентки за периодот на рана зрелост, во кој и самите се наоѓаат (возраст од 18 до 40 години) според зачестеноста се следниве: остварување добра љубовна и интимна врска со партнерот (24) и формирање среќно семејство со деца (28) што заедно прави зачестеност кај 52 од 57 испитани (91,23%); упис на факултет и дипломирање (19), а потоа наоѓање добра работа и остварување успешна професионална кариера (26) што заедно е копнеж кај 45 студентки (78,95%); патувања, дружења, забава, уживање, задоволства (кај 22 или 38,60%); да живеам кај сакам, на други места и во други земји (кај 9 или 15,79%); да се самоактуализирам, израснам во успешна личност и осамостојам (кај 6 или 10,53%); убава иднина во мирна Македонија, повторно обединета Југославија и обединет Балкан

(кај 5 или 8,77%). Наведените копнежи делумно се исти со развојните задачи на нивниот развоен период (образование, вработување и лични карактеристики), но има и многу повеќе од оние од следниот развоен период (средна зрелост), а тоа се трајни партнерски и семејни врски, нагласеност на семејни теми и нивно балансирање со професионалната кариера.

Копнежите кои ги наведуваат 57 студентки како својствени за средна зрелост (40 до 60/65 годишна возраст) се: да имам среќно семејство со деца и внуци кое живее во материјална благосостојба (43 или 75,44%); стабилна работа, успешна кариера и добра заработувачка (25 или 43,86%); здравје и долг живот (12 или 21,05%); да израснам во оtоврен ум, мудрост, со доблести (10 или 17,54%); многу патувања (8 или 14,04%); напишам книга (4 или 7,08%); да не живеам со свекор и свекрва (2) и копнеж за баба (1). Овие копнежи, главно, се поклопуваат со развојните задачи во средната зрелост и вклучуваат семејна хармонија со партнерот, помагање на сопствените деца да израснат во одговорни и среќни возрасни кои самите ќе формираат семејства и ќе им донесат внуци, потоа стабилна работна ангажираност со постигнат повисок економски стандард. Но тие копнеат и да останат здрави, да се стекнат со повисоки квалитети во менталниот развој, а да си најдат и активности за уживање.

Копнежи својствени за златната зрелост (од 65 година до крајот на животот) кои ги наведуваат 57 студентки се следниве: благосостојба на семејство (убава куќа во идилична природа) и хармонични обноски со партнер, деца и внуци (40 или 70,18%). За внуците копнеат да ги разгалат, да си играат, прошетаат и да си раскажуваат приказни со нив, да имаат нивна почит и да играат на нивни свадби; здрав, спокоен и долг (70 до 80 години) живот и способност за самостојно задоволување на своите потреби (31 или 54,39%); да доживеат успех од работата и да напишат книга (8 или 14,04%); брза и безболна смрт (4 или 7,08%) и занимавање со хуманитарни дејности како копнеж го наведува само една студентка. Овие наведени копнежи за нивната златна зрелост одговараат на идеални развојни задачи во истиот период во нашата културна средина. Инаку, од развојните психолози е прифатено сознанието дека развојни задачи за лица од златната доба (на возраст од над 60 години) бараат приспособување на намалените физички сили и здравјето, на пензионирањето и на намелените примања, на смртта на партнерот, да воспостават припадништво кон сопствената возрасна група, да ги извршуваат општествените и граѓански обврски и да воспостават задоволително средување на условите за живеење според своите можности.

**Различни аспекти на првиот и најзначаен копнеж кај студентки**. Редоследот на зачестеноста на јавување на посебни животни до-

мени на кои се однесуваат содржините на првиот, најзначаен копнеж наведен од 57 студентки е следниов: да се има семејство со љубов, верност и разбирање со партнерот, деца и внуци и семејна благосостојба, здравје и во златната заедничка доба кај 13 (22,81%), а исто толку (кај 13 или 22,81%) за дипломирање, вработување, успешна професионална кариера; за љубов кај 12 (21,05%); за убав живот со задоволства кај 10 (17,54%); и за духовна надградба, самоактуализација, општа благосостојба и мир кај 9 (15,79%).




Слика 3. Животен домен и зачестеност на првиот и најзначаен копнеж (%)

Подолу ќе ги изнесеме **структурните карактеристики** на најзначајниот копнеж, а тие се онтогенетски тривременски фокус, нецелосност, симболичка природа, неостварливост на личната утопија, амбивалентни емоции, рефлексија и оценување.

Копнежот инхерентно секогаш кај поединецот има *онтогенетски тривременски фокус* во кој се вклучени минато, сегашност и иднина постои. Пропорциите со кои се застапени овие тривременски фокуси варираат. Копнежот може да е повеќе насочен кон минатото или кон иднината, но и тогаш содржи сегашност и иднина. На прашалникот испитаниците треба да одмерат колку мислат на минатото, на сегашноста и на иднината кога го имаат првиот и најзначаен копнеж. Одмерувањето е со поени од 0 до 100 кои треба да ги распределат самите во трите временски периоди. Според просечната вред-

ност на распределба на можните 100 поени, испитаните студентки најзначајниот копнеж најмногу го фокусираат кон иднината (во просек 39,65 поени), потоа кон сегашноста (35,81 поен) и најмалку кон минатото (17,60 поени). Развојниот контекст кај младите возрасни има подолг иден период и тие фантазираат за иднината. За нив, исто така, копнежите од сегашноста се многу позначајни од оние од минатото.

Во Табела 1 се прикажани аритметичките средини (М) и стандардните отстапувања (SD) добиени од одговорите на некои од супскалите на прашалник за копнежите кој им беше зададен на 57 студентки. Одговорите беа давани за првиот, најзначаен копнеж од наведената листа на копнежи. Степенот на согласност со тврдењето беше одмеруван на шестостепена скала од 0 до 5, при што значењата се следниве: 0=воопшто не е така; 1=во мала мера е така; 2=во нешто поголема мера е така; 3=во голема мера е така; 4=во многу голема мера е така; и 5=сосема е така.

**Табела 1**. *Резултати на супскалите на прашалник за копнежите (N=57)*

| Супскала | M | (SD) |
|---|---|---|
| Нецелосност | 2,46 | 1,42 |
| Симболичност | 4,39 | 0,31 |
| Лична утопија | 1,54 | 1,10 |
| Емоционална амбивалентност | 1,6 | 1,34 |
| Размислувања | 3,76 | 0,84 |
| Контрола/дирекција | 2,92 | 0,82 |
| Контрола/реализација | 3,40 | 2,19 |
| Дирекција | 3,47 | 1,15 |
| Справување со неостварливоста | 1,89 | 1,23 |

Копнежот го одразува постојаното *чувство на недовршен, нецелосен* и отворен процес на развој на поединецот. Постои чувство на несовршен живот, недостаток на нешто суштинско за да се биде среќен и со целосна животна исполнетост. На табела 1 се гледа дека чувството на нецелосност поврзано со најзначајниот копнеж е со просечна вредност М=2,46 (на скала од 0 до 5), а тоа значи дека по интензитет е некаде на средина меѓу нешто поголема и голема мера на суштински животен недостаток.

Луѓето копнеат за цели, мотиви, вредности и потреби кои се од повисоко ниво. Нивното остварување ветува силни и долги позитивни доживувања. Луѓето копнеат за она што има големо значење за нив. Студентките *симболичното значење* на нивниот копнеж го оценија со просечна вредност М=4,39 од можни 5. Тоа значи дека за нив најзначајниот копнеж се однесува на повисоки цели и има повеќе од многу големо значење.

Во поглед на *неостварливост на личната утопија*, т.е. приближно но не и целосно остварување на идеализираните замислувања на поинаква животна реалност, студентките во просек се изјаснија за нешто поголема од мала мера на неостварливост на најзначајниот копнеж (М=1,54). Поинаку кажано, за нив нивниот копнеж е во многу голема мера остварлив. Кон такво толкување водат и податоците според кои 42 од 57 (73,68%) од испитаничките сметаат дека нивниот најзначаен копнеж е остварлив, а 13 (22,81%) дека е недостижен.

За копнежот се вели дека е пропратен со *амбивалентни емоции*. Тој содржи мешавина од позитивни и негативни емоции, едновремени добивки и загуби, радост и тага. Позитивните емоционални состојки се должат на надежта дека посакуваното за кое се копнее ќе се достигне. Негативните состојки на емоциите се резултат на недостижноста на многу значајното нешто за кое се копнее. Добиената просечна вредност од М=1,6 во поглед на амбивалентноста на емоциите кај нашите испитанички говори дека тие нешто малку повеќе од мала мера се амбивалентни. Всушност, пропорционално гледано повеќе има позитивни афективни компоненти, отколку што има негативни. На прашањето како се чувствуваат кога го имаат копнежот 57 студентки навеле 168 позитивни чувства, а 69 негативни чувства. Тоа значи дека студентките приближно за два и половина пати имаат повеќе позитивни отколку негативни емоции кога го имаат копнежот.

*Процесите на размислувања и процена* за достигнатиот личен развој во поглед на нормативните очекувања и според личните идеали се застапени во просек во приближно многу голема мера (М=3,76). Ова значи дека студентките копнежот ги тера да размислат и да се преоценат до каде стигнале во развојот, за значењето на животот и за негово подобро насочување.

Копнежот може да се контролира во две насоки. Прво, можна е контрола врз внатрешните доживувања и искусувања на копнежот. Второ, можна е контрола врз остварување на копнежот. *Контролата врз внатрешните доживувања предизвикани од копнежот* нашите студентки во просек ја остваруваат во голема мера (М=2,92).

Тоа значи дека тие во голема мера успеваат да ги контролираат доживувањата поврзани со копнежот. Уште повисока е нивната *контрола на реализација* на копнежот, бидејќи во просек тие изјавиле дека контролата им се движи меѓу голема и многу голема мера (M=3,40). Ова значи дека тие се доволно сигурни и прилично добро знаат кои чекори да ги преземат за да го остварат копнежот. А во прилог им оди и очекувањето дека имаат подолг иден период од животот, отколку што имаат минато.

Копнежот има функција на саморегулација. Тој овозможува дирекција (насочување) и справување со неостварливото. *Копнежот дава дирекција.* Тој е како визија која му два ориентација на животот, а дава и мотивација и овозможува формулирање цели и ваквата функција на копнежот кај студентките во просек се движи меѓу голема и многу голема мера (M=3,47). Функцијата на копнежот за *справување со неостварливото* во просек е застапена нешто повеќе отколку во мала мера (M=1,89), но споредено со давање дирекција таа е послабо застапена. Се чини дека студентките уште не се соочиле со неповратни губитоци и со неостварливи копнежи.

Најзначајниот копнеж многу често се јавува кај 48 од 57 студентки (84,21%), а многу ретко кај 9 (15,79) од нив. Копнежот како доживување трае кусо кај 17 студентки (29,82%), а тој е долготрајно доживување кај 40 (70,18%). Истиот тој најзначаен копнеж е многу силно доживување кај 54 (94,74%), а е слаб кај 3 (5,26%). Најзначајниот копнеж има централно место во животот кај 53 (92,98%) од 57 студентки, а е незначаен за 4 (7,02%) студентки.

## Дискусија

1. Претпоставувавме и се покажа дека врз копнежите влијаат три вида системи на контексти. Првиот контекст, возрасниот период, ги определи животните домени на содржините за кои се копнее. Најчести се копнежите од доменот на меѓулични врски (партнерство и семејство исполнети со љубов), од личниот контекст (образование, професија, работа, финансиска ситуација, услови и место за живеење, разонода) и од доменот на својата личност, себството, јаството (самоактуализација и повисок квалитет во личен развој).

Контекстот на општествени и историски случувања се покажа преку копнежите за живот во стабилна економска благосостојба продолжително во сите развојни периоди до златната доба. Овој копнеж произлегува од реалните моментални економски услови на неиз-

весност за вработување и за задоволителни материјални примања. Постои и копнежот за живеење во други, постабилни земји, за можност слободно да се патува ширум светот, а ова како резултат на затвореноста на посакуваните земји преку строги барања за добивање виза. Внатрешната и глобалната политичка состојба поврзана со проблемите околу името на државата, како влегување во Европската унија и НАТО, како да не е домен од животот на испитаните студенти. Само 5 од 57 студентки наведоа дека копнеат нашиот народ да се освести и одупре на манипулациите на САД и на НАТО и да оствариме обединет Балкан со добрососедски односи и мир!

Контекстот на ненормативни влијанија, посебни лични случувања во кои има големи губитоци, беше ретко наведен и тоа од неколкумина кои имаа смрт на блиско лице или развод на родителите.

2) Поврзаноста на копнежите со развојните задачи на развојниот период се покажа како оправдана претпоставка. Ова најнапред за изнесените копнежи поврзани со развојната доба на млад возрасен на самите испитаници (Мурџева-Шкариќ, 2004). Копнежите поврзани со долготрајни интимни врски, со родноста и со проширување на семејството (да се најде партнер, формира семејство со деца и внуци кои ќе доживеат златна свадба во љубов и хармонија) се својствени за младите возрасни. За нив е својствен и копнежот да се стекне професија и кариера, да се оствари материјална благосостојба.

Но претходните копнежи, заедно со копнежите за убав живот исполнет со задоволства, се провлекува не само во овој период, туку и во идните возрасни периоди. Нов копнеж во средната зрелост е да се израсне во отворен ум, мудрост и со доблести, а за златната доба долг, здрав, спокоен живот во благосостојба, самостојност во себеопслужување и хермонија со децата.

Во ова испитување се покажа дека копнежите имаат интегративни насочувачки процени за развој на поединецот во сите развојни периоди. Најнзначајниот копнеж содржи повисоки цели и има големо значење за животот на испитаниците. Тој се однесува на основните потреби за безбедност, за позитивен личен идентитет и автономност, за позитивна поврзаност со другите луѓе, за осмислена реалност, за далекусежно задоволство и за себенадминување (Мурџева-Шкариќ, 2007). Резултатите покажуваат дека најзначајнуте копнежи се суштинска животна неисполнетост, тие се висок идеал и се визија, насока или план кој постојано се преиспитува и се оценува за да се контролира остварувањето. Најзначајните копнежи за студентите многу малку се утопија и многу малку содржат емоционална амбиваленција. Тие се пропратени со позитивни емоции и со висок

стремеж да се остварат. Најзначајните копнежи кај студентите се многу зачестено, долготрајно и силно доживување кое има централно место во нивниот живот.

Копнежите кај испитаниците имаат функционално значење на планирање, процена и справување со успешен развој. Копнежите го насочуваат развојот на младите возрасни давајќи им смисла преку идеалите кои се стремат да ги остварат. Постојат самокритички размислувања, избор на копнежи чии остварувања зависат од личниот напор и се сврзани со основните развојни задачи. Нема занос за утописки општествени промени. Не се посегнува да се дофати Месечината, туку се копнее за реално многу можно интимно, семејно и професионално напредување во развојот. Може да се рече дека станува збора за копнежи кои можат да се остварат, му даваат смисла на животот и ги врзуваат сите периоди на возрасните кои следат.

3) Се потврди претпоставката дека кај младите возрасни копнежите се протегаат во подолг иден и сегашен период, отколку на минатото. Кај нив има повеќе можности за добивки, отколку за загуби. Нивното доживување е дека имаат неограничено време и способности, а токму тоа се намалува со возраста. Од ова произлегува во раната зрелост да се јави поголемо значење и посилна контрола на насочувачката функција на копнеењето и на контролата врз остварување на копнеењето, отколку кај лицата од средна и доцна зрелост. Кај младите возрасни, пред кои е животот, копнеењето дава насока и верба дека ќе се постигнат идеалите и затоа придонесува за појава на среќа и исполнетост. Кај постарите возрасни е обратно, бидејќи се затвориле и се намалиле некои можности за развој. Затоа ним им е значајна способноста да ги регулираат загубите и неможното, а ова задача тие ја остваруваат преку повисока способност за регулирање на емоциите, посилно чувство за контрола на искусување на копнеењето. Ова значи дека структурата на копнеењето е веќе воспоставена кај лицата кои се во период на рана зрелост, а други испитувања покажуваат дека таа останува постојана и во другите возрасни периоди. Но кај лица од различни возрасни периоди се менуваат содржините, способноста за контрола и функцијата на копнеењето.

Во литературните дела и други записи од периодот на романтизмот, кој во западните земји се појави при крајот на 18 век, провејуваат *романтичарски* копнежи. Во нив провејуваат длабоки субјективни доживувања, чувства, фантазии и мечтаења. Копнеењето кај романтичарите е со *меланхолично-утописки* профил чии основни својства се високи идеали со утописка природа. За разлика од нив, студентките во почетокот на 21 век покажаа *визионерски профил на*

*копнеење*. Ова се согледува преку анализа на добиените мешани скорови на структурните каратеристики на најзначајните копнежи. Нивните најзначајни копнежи се интензивни и широки, тие се визии за идеален живот за кој сметаат дека е остварлив. Тие се продуктивни визионерски копнежи бидејќи се пропратени со позитивна мотивација за остварување конкретни цели, го поттикнуваат личното созревање и даваат насоки кон развојот на идентитетот.

(Рецензент: *проф. д-р Зоран Стојановски*)

**ЛИТЕРАТУРА**


Baltes, P. B. et al. (2002) *Developmental psychology of sehnsucht (longing): Central propositions and outlook for a new project.* Unpublished manuscript, Max Planck Institute for Human Development, Berlin, Germany.

Мурџева-Шкариќ, О. (2004) *Развојна психологија.* Скопје, Филозофски факултет.

Мурџева-Шкариќ, О. (2007) *Ненасилна трансформација на конфликти.* Скопје, Филозофски факултет.

Scheibe, S. (2005) *Longing (Sehnsucht) as a new lifespan concept.* FU Berlin: Digitale Dissertation. Online available: http://www.diss.fu-berlin.de/2005/159/indexe.html

Scheibe, S. et al. (2007) Wisdom, Life Longings, and Optimal Development.. In J. Blackburn и G. Dulmus (Eds), *Handbook of Gerontology (pp.117-142).* New Jersey: Wiley.

Olga MURDŽEVA-ŠKARĆ

## DEVELOPMENTAL KNOWLEDGE OF LONGINGS DURING LIFESPAN

**Abstract**

*Longing is holistic, lifespan and domain- integrative phenomenons, which capture the richness of lifelong development. Relevant life domains of the longings for the students at the Institute of Psychology and Pedagogy in Skopje (March 2008) are social relationships, personal context and developing a mature self-concept. Longings of the students are linked to the age-graded developmental tasks and have productive-visionary direction which can be identified as visionary longing profile.*

***Keywords**: LONGING, LIFELONG DEVELOPMENT, DEVELOPMENTAL TASKS, VISIONARY LONGING PROFILE.*